Врз основа на член 173 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14 и 44/14 ), министерот за труд и социјална политика, донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 11-6197/7
06-10-2014 20 год.
СКОПЈЕ

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ПРИРАЧНИК „ДЕТСКИ СВЕТ 2“ ЗА ДЕЦА ОД 5 ДО 6 ГОДИНИ

Се одобрува употреба на прирачникот „ДЕТСКИ СВЕТ 2“ наменет за деца од 5 до 6 години, од авторите: проф. д-р Билјана Камчевска, проф. д-р Весна Макашевска, проф. д-р Симона Палчевска и Александра Митровска, Акционерско друштво за издавање учебници и наставни средства „Просветно дело“- Скопје, во установите за деца.

## Образложение

Врз основа на барањето на Акционерско друштво за издавање учебници и наставни средства „Просветно дело“- Скопје за добивање решение за одобрување и употреба на прирачникот „ДЕТСКИ СВЕТ 2“ за деца од 5 до 6 години, од авторите: проф. д-р Билјана Камчевска, проф. д-р Весна Макашевска, проф. д-р Симона Палчевска и Александра Митровска во установите за деца, согласно Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14 и 44/14 ), од Педагошката служба побарано е стручно мислење за истите.

Според доставеното стручно мислење од Педагошката служба бр.23-941/1 од 25.09.2014 година, во прирачникот „ДЕТСКИ СВЕТ 2“ за деца од 5 до 6 години, секоја тема започнува со илустрација која соодветствува со возрасните и развојните карактеристики на децата од пет до шест години. Во прирачникот „ДЕТСКИ СВЕТ 2“ за деца од 5 до 6 години, дадени се и активности од подрачјата: наука, јазик, математика, логика и размислување низ следниве теми кои се понудени во нив: „Сите деца во светот“, „Семејно богатство“, „Моите радости“, „Мојата убава Македонија“, „Екологија“, „Мојата планета“, „Животот во природата“, „Годишните времиња“, „Науката околу нас“ и „Сообраќај“. Понудениот ракопис ги поддржува воспитувачите воспитно-образовните активности да ги реализираат интегрирано и интерактивно. Воедно дадените содржини се усогласени со Програмата за рано учење и развој и истите соодветствуваат за реализација на целите кои се дадени во рамките на аспектите јазик и когнитивен развој и стекнување на општи знаења со подрачјата: наука, математика и логика и размислува за деца од 5 до 6 години.

Врз основа на даденото мислење на Педагошката служба , согласно член 173 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14 и 44/14), се донесе решение како во диспозитивот.

Акционерско друштво
за издавање учебници
и наставни средства
ПРОСВЕТНО ДЕЛО
СКОПЈЕ

| Примено 06.10.14 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2311/4 | | |

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена по приемот на истото преку Министерството за труд и социјална политика до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

МИНИСТЕР
Диме Спасов

Изготвил: О.Богатинова
Контролирал: Ќ.Алиу
Одобрил: Д.Петрушевска
Согласен: Б.Лазаревски